**20242464343**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# РЕШЕНИЕ ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ДОМАШНИ И ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, СЕМЕ, ЈАЈНИ КЛЕТКИ И ЕМБРИОНИ ОД ДОМАШНИ И ДИВИ ПРЕЖИВАРИ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА СИН ЈАЗИК ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

(1) Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на син јазик се забранува увоз и транзит во Република Северна Македонија на домашни и диви преживари, семе, јајни клетки и ембриони од домашни и диви преживари.

(2) Забраната од став (1) на овој член се применува на пратки кои потекнуваат од државите наведени во Прилогот, кој е составен дел на ова решение.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за забрана на увоз и транзит на домашни и диви преживари, семе, јајни клетки и ембриони од домашни и диви преживари заради заштита од внесување на вирусот на син јазик во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/17, 118/17, 149/17, 178/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 200/20).

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-3262/1
27 ноември 2024 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
в.д. Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.

Прилог

1. Република Грција

Следните региони во Република Грција:
- Јонски острови – Лефкада/Ionian Islands – Lefkada;
- Јонски острови – Крф/Ionian Islands– Corfu;
- Западна Грција – Етолија – Акарнанија/Western Greece – Aetolia - Acarnania;
- Јужен Егеј - Кос/South Aegean - Kos;
- Јужен Егеј - Родос/South Aegean - Rhodes;
- Јужен Егеј - Андрос/South Aegean – Andros;
- Северен Егеј – Самос/North Aegean - Samos;
- Северен Егеј – Икарија/North Aegean – Ikaria;
- Северен Егеј – Лезбос/North Aegean – Lesbos;
- Крит – Свети Никола (Агиос Николаос)/Crete - Agios Nikolaos;

- Источна Македонија и Тракија – Скеча – Топир/East Macedonia and Thrace – Xanthi - Topeiros;
- Источна Македонија и Тракија – Скеча – Абдера/East Macedonia and Thrace – Xanthi - Abdera;
- Источна Македонија и Тракија – Кавала – Места/East Macedonia and Thrace – Kavala – Nestos и
- Источна Македонија и Тракија – Кавала - Кушница/East Macedonia and Thrace – Kavala – Pangaio.

2. Република Португалија

Следниот округ во Република Португалија:
- Евора/Distrito de Évora.

3. Република Австрија

Следните региони во Република Австрија:
- Корушка/Kärnten и
- Штаерска/Steiermark.

4. Република Чешка

Следните региони во Република Чешка:
- Карловарски/Karlovarský;
- Усти на Лаба/Ústí nad Labem;
- П’лзењ/Plzeň;
- Централночешки/Středočeský;
- Либерец/Liberec;
- Јужночешки/Jihočeský;
- градот Прага/města Prahy;
- Височински/Visičina (окрузи Пелхримов/Pelhřimov, Хавличкув Брод/Havlíčkův Brod и Јихлава/Jihlava);
- Пардубице/Pardubice (окрузи Пардубице/Pardubice и Хрудим/Chrudim) и
- Храдец Кралове/Hradec Králové (окрузи Храдец Кралове/Hradec Králové и Јичин/Jičín).

5. Кнежевство Лихтенштајн

Следните општини во Кнежевство Лихтенштајн:
- Балцерс/Balzers;
- Маурен/Mauren и
- Шан/Schaan.

6. Кралство Норвешка

Следните окрузи во Кралството Норвешка:
- Ругалан/Rogaland;
- Агдер/Agder;
- Викен/Viken и
- Вестфол и Телемарк/Vestfold Og Telemark.

7. Обединето Кралство

Следните региони во Обединето Кралство:
- Северен Јоркшир/North Yorkshire;
- Сафолк/Suffolk;

- Сари/Surrey;
- Источен Рајдинг Јоркшир/East Riding of Yorkshire;
- Норфолк/Norfolk;
- Хертфордшир/Hertfordshire;
- Есекс/Essex;
- Корнвол/Cornwall;
- Линколншир/Lincolnshire;
- Камбрија/Cumbria;
- Кент/Kent;
- Чешир/Cheshire;
- Шропшир/Shropshire;
- Западен Сасекс/West Sussex;
- Кенбриџшир/Cambridgeshire и
- Сомерсет/Somerset.

8. Кралство Данска

Сите региони во Кралството Данска.

9. Република Франција

Следните региони во Република Франција:
- Вандеја/Vendée;
- Долина на Оаза/Val-d'Oise;
- Лоара/Loire;
- Горна Савонија/Haute – Savoie;
- Есона/Essonne;
- Корез/Corrèze;
- Приморска Шаранта/Charente – Maritime;
- Калвадос¬/Calvados;
- Ардеш/Ardèche;
- Лоар и Шен/Loir – et – Cher;
- Ен/Ain;
- Ендр и Лоара/Indre – et – Loire;
- Ендр/Indre;
- Јура/Jura;
- Ер/Eure;
- Лоаре/Loiret;
- Орн/Orne;
- Горна Рајна/Haut – Rhin;
- Долна Рајна/Bas – Rhin;
- Сена и Марна/Seine – et – Marne;
- Јона/Yonne;
- Шер/Cher;
- Сома/Somme;
- Горна Марна/Haute – Marne;
- Ер и Лоар/Eure - et – Loir;
- Об/Aube;
- Златен Брег/Côte - d'Or;
- Сарта/Sarthe;

- Оаза/Oise;
- Ду/Doubs;
- Приморска Сена/Seine – Maritime;
- Горна Сона/Haute – Saône;
- Мајен/Mayenne;
- Север/Nord;
- Мерт и Мозел/Meurthe – et – Moselle;
- Мозел/Moselle;
- Ардени/Ardennes;
- Ена/Aisne;
- Меза/Meuse;
- Марна/Marne и
- Па Де Кале/Pas – de – Calais.

10. Кралство Холандија

Следните региони во Кралството Холандија:
- Утрехт (општина Стихтсе Вехт) /Utrecht (Stichtse Vecht) и
- Гелдерланд (општина Бурен)/Gelderland (Buren).

11. Швајцарија

Следните региони во Швајцарија:
- Во (округ Лаво – Орон)/Vaud (Lavaux-Oron);
- Тичино (округ Валемаџа)/Ticino (Vallemaggia) и
- Тичино (округ Левентина)/Ticino (Leventina).

12. Сојузна Република Германија

Следните региони во Република Германија:
- Северна Рајна – Вестфалија (област Келн/Бон)/North Rhine-Westphalia – (Cologne/Bonn);
- Хесен (округ Фогелсбергкрајс)/Hessen (Vogelsbergkreis) и
- Берлин/Berlin.